Бранко ПАНОВ

# ОДРАЗОТ НА КОСОВСКАТА БИТКА ВО МАКЕДОНИЈА

Двете големи битки од XIV век: Маричката (26 септември 1371) и Косовската (15 јуни 1389), иако не се одиграле на македонска територија имале катастрофални последици за македонскиот народ. По извојуваната победа кај Черномен на реката Марица над здружените војски на македонските самостојни владетели, браќата Волкашин и Углеша, на Турците-Османлии им бил отворен патот за продор во Македонија. Затоа, со право, Г. Острогорски истакнува дека битката на Марица „била најголема и најдалекусежна победа на Турците пред 1453. Нејзиниот прв резултат бил ликвидирањето на Серската држава, а нејзините понатамошни последици пропаста на сите балкански држави. Нивното освојување било само прашање на време".[1]

По убиството во битката на Марица на кралот Волкашин и деспотот Углеша, „двете најсилни личности на тогашниот Балкан", нивните држави во Македонија станале предмет на цепкање од страна на соседните балкански држави. Уште во 1371 година во Серез и пошироката околина загосподарил Мануил II Палеолог, синот на византискиот император Јован V Палеолог.[2] Исто така, со дел од Серската држава и тоа меѓу реките Вардар и Струма загосподарило семејството Дејановиќ, чијашто феудална држава се простирала во

[1]Острогорски Г. Серска област после Душанове смрти. - Сабрана дела Георгија Острогорског. Београд, 1970, кн. 4, с. 610.

[2]Исто, с. 610-611, истиот, Византија, вазална држава Турског Царства. - Сабрана дела Георгија Острогорског. Београд, 1970, кн. 3, с. 379-380; сп. исто Lemerle P. Philippes et la Macédonie orientalne. Paris, 1945, p. 213 sq.

Северна Македонија, со седиште во Ќустендил.[3] По смртта на Волкашин осетно било смалено и Прилепското македонско кралство, на чие чело стоел кралот Марко (1371-1395). Градот Скопје го оттргнал Вук Бранковиќ, Балшиќите ги зазеле Призрен и Костур, жупанот Андреј Гропа се осамостоил во Охрид, а дел заграбило и семејството Дејановиќ.[4]

Ваквите пресметувања меѓу одделните балкански христијански држави Османлиите вешто ги користеле за остворување на своите завладувачки цели. Уште во есента 1371 година на турски напади била изложена и Света Гора. На тој начин територијата на Македонија била изложена на жестоки турски напади и од југ и од североисток. Светогорскиот монах Исаија, кој бил очевидец на овие настани, ни оставил ценет запис на првите турски налети низ Македонија: „... И толкава мака и несреќа ги прелеа сите градови и краишта западни, колку што ниту ушите слушнале, ниту очите виделе. Откако загина храбриот маж деспотот Углеша, Исмаилитјаните се распрснаа и полетаа по сета земја како птици по воздухот, и едни од христијаните со меч ги заклаа, други пак во ропство ги одведоа. А оние што останаа смртта прерано ги сотре. Тие што од смрт се спасија станаа жртва на гладот... О, колку жална беше глетката! Земјата остана пуста, без луѓе и животни и секаков плод, бидејќи не се најде никаков кнез ни војвода, ни наставник, кој да ги избави и спаси луѓето. Се претрпна од страв исмаилитјански".[5]

Расцепканоста на територијата на Македонија на повеќе феудални државички и кнежевства, како и завладеаната неслога меѓу одделните феудални владетели, ги искористил султанот Мурат I (1362-1389) за преземање брзи походи во внатрешноста на Македонија. Како резултат на тоа, во периодот од 1371-1383 година, којшто некои

---

[3]Вид.: Иванов Й. Северна Македония. Исторически издирвания. София, 1906, с. 110 сл.; Ристић М. Струмица. Географско-историска расправа. Београд, 1925, с. 47-51; Острогорски Г. Београд, 1970, кн. 4, с. 271-280; Пандевски М., Стоев-Трнката Ѓ. Струмица и Струмичко низ историјата. Струмица, 1969, с. 76-78; Наумов Е. П. Трагите и остатоците од родословот на Дејановиќи. - Историја, г. X, бр. 1, Скопје, 1974, с. 195-214; истиот, Дарбените грамоти на Дејновиќи. - Историја, г. XX, бр. 2, Скопје, 1984, с. 219-237.

[4]Вид.: Наумов Е. П. Јужнословенскиот епос и проблемите на српското средновековие. - Историја, г. IX, бр. 2, Скопје 1973, с. 134 сл.; истиот, Свидетелства исторических источников о Марке Кралевиче. - Прилози, IX/2, Одделение за општествени науки. Изд. на МАНУ, Скопје 1979, с. 39; Историја Црне Горе, Титоград, 1970, кн. 2, с. 29; Историја српског народа. Београд, 1982, кн. 2, с. 23-24.

[5]Угринова-Скаловска Р. Записи и летописи. Скопје, 1975, с. 141. Сп.: Стојановски А. Маричката битка и нејзините последици. - Современост, Скопје, 1971, бр. 9, с. 688 сл.; Острогорски Г. Серска област ..., с. 610 сл.; Георгиевски М. Исаиа Серски и неговиот историско-литературен расказ за преведувањето на богослужбените книги од грчки на словенски и за поробувањето на Македонија од Турците во 1371 год. - Современост, Скопје, 1976, бр. 4-5, с. 301 сл.: Наумов Е. П. Дарбените грамоти..., с. 227 сл.

истражувачи го означуваат како „прва фаза на ширењето на османлиската власт во Македонија“,[6] во рамките на Османлиската империја била приклучена Серската држава, а исто така биле извршени безуспешни напади на повеќе македонски градови од другите делови на Македонија, при што биле одведени во ропство и продадени на пазарите во Крит голем број робови од Серез, Мелник, Струмица, Солун, Воден, Костур, Девол, Охрид, Преспа, Битола, Велес, Скопје, Дебар и др. места.[7]

Во екот на овие интензивни турски напади и завладувања, Константин Дејанов бил принуден да ја признае врховната власт на Османлиската држава и да му стане вазал на султанот Мурат I.[8] На тој начин преку Североисточна Македонија Османлиите можеле пoслободно да продираат во внатрешноста на Балканот. Како резултат на брзите турски продори во Централна Македонија и кон Албанија, дошло до освојувањето на градовите Прилеп и Битола во 1385 година. Тогаш кралот Марко морал да ја признае врховната власт на султанот Мурат I, со што неговото Прилепско кралство било подредено како вазално на Османската империја.[9] Во таква вазална подреденост спрема Османската држава се наоѓала и Византија по 1373 година.[10] Нешто пред тоа својата самостојност ја изгубило и Бугарското Трновско царство.[11] Освен тоа, по долгогодишни преговори, во 1385 година меѓу Венеција и Османската империја бил склучен договор за сојуз против Ѓенова.[12] По сите овие воени и дипломатски придобивки, султанот Мурат I решил да ги започне своите завладувања и на другите балкански земји, при што во прв план цел на турските напади станале владенијата на кнезот Лазар. Тоа со нагласеност ги истакнал и Константин Филозоф, кога навел дека султанот Мурат I откако „потчини многу земји на Запад“ почнал да се „наоружува против благочестивниот кнез Лазар“.[13] По опстојните подготовки Османлиите преку Софиската област навлегле на територијата на Србија и во 1386 година ги освоиле градовите Ниш и Пирот. Со тоа султанот Мурат I си отворил пат за продор во внатрешноста на Србија. До жесток судир меѓу здружената српско-босанска

---

[6]Вид.: Стојановски А. Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век. Скопје, 1981, с. 12 сл.

[7]Сакъзов Ив. Новооткрити документи от края на XIV век за българи от Македония, продавани като роби. - Македонски преглед, 7, 1931/1932, N› 2-3, с. 1-62. Сп.: Стојановски А. Градовите ..., с. 11-12.

[8]Вид.: Иванов Й. Северна Македония, с. 113 сл.

[9]Стојановски А. Градовите на Македонија ..., с. 14-15.

[10]Острогорски Г. Византија, вазална држава Турског Царства, с. 380 сл.; История Византии, т. 3, Москва, 1967, с. 165.

[11]История на България. София, 1982, т. 3, с. 351-355.

[12]Жуков К. А. Эгейские эмираты в XIV-XV вв. Москва, 1988, с. 51-54.

[13]Ангелов Б., Генов М. Стара българска литература (IX-XVIII в.) в примери, преводи и библиография. София, 1922, с. 537.

војска и Османлиите дошло на реката Топлица кај градот Плочник во 1387 година. Во оваа битка османската војска доживеела тежок пораз со што за извесно време бил сопрен продорот на Османлиите во внатрешноста на Србија.[14]

Поразот во битката кај Плочник не го обесхрабил воинствениот султан Мурат I. По зајакнувањето на позициите на Османската држава во Анадолија и обучувањето на огромната турска војска, собрана од Сарахан, Ајдин и други турски владенија,[15] Мурат I се решил да влезе во дефинитивна пресметка со српскиот владетел Лазар.

*

Султанот Мурат I, пред да го отпочне својот завладувачки поход кон Србија, во текот на 1388 година презел воени акции за обезбедување на својот тил на територијата на Бугарија. Со 30-илјадна војска, предводена од Али-паша било нападното Трновското царство, под изговор дека Иван Шишман не бил сигурен турски вазал. Подоцна во воените акции се вклучил и самиот султан Мурат I. Како резултат на овие воени акции, Трновското царство било осетно намалено. Царот Иван Шишман ги здружил само градовите Трново и Никопол и неколку подунавски тврдини. За време на овие турски продори значително било погодено и Добруџанското деспотство. Од него, исто така, била оттргната голема територија. Сепак тоа успеало да ги зачува претстолнината Калиакра и пристаништето Варна. Видинското царство, пак, кое го владеел царот Иван Срацимир како унгарски вазал, било ставено под покровителството на султанот Мурат I.[16]

По обезбедувањето на својот тил во Анадолија[17] и Бугарија, Мурат I во 1389 година со голема војска[18] се насочил кон Србија за да се пресмета со кнезот Лазар. Од друга страна, пак, како што соопштува Константин Филозоф, и кнезот Лазар бил готов да влезе во решителна битка „против Исмаилитјаните".[19] Во прилог на тоа говорат и вестите од Мехмед Нешри[20] со кои тој истакнува дека кнезот Лазар бил готов да тргне во борба против Турците. Притоа тој планирал да се затворат патиштата по отпочнатата борба како би се натерале Турците да се повлечат во „Клисурата" и избијат.[21]

---

[14]История на България, т. 3, с. 358-359.

[15]Жуков К. А. Эгейские эмираты в XIV-XV вв., с. 55.

[16]История на България т. 3, с. 360-362.

[17]Жиков К. А. Эгейские эмираты в XIV-XV вв., с. 55.

[18]Вид.: Шкриванић Г. А. Косовска битка (15 јуна 1389). Цетиње, 1956, с. 30 сл.

[19]Ангелов Б., Генов М. Стара българска литература (IX-XVIII в.), с. 537-538.

[20]Поопстојно вид.: Елезовић Г. Бој на Косово 1389 год. у историји Мула Мехмеда Нешрије. - Братство, XXXI, Београд, 1940, с. 1-77; истиот, Огледало света или историја Мехмеда Нешрије. Београд, 1957, с. 1 сл.

[21]Елезовић Г. Огледало света..., с. 45-48.

Во пролетта 1389 година султанот Мурат I, по извршените воени подготовки на сконцентрираните војски на Пловдивското Поле, според Нешри, се упатил кон Ихтиманското Поле, каде останал три дена. За тоа време Мурат I извршил консултации со местните сердички првенци околу попогодниот пат што води кон земјата на Лазара. Тие едногласно го известиле дека патот што води надесно за Софија и минува покрај Ниш и избива на Пирот е заобиколен и тежок и дека подобро е да „оди по левиот пат" кој е полесен. Султанот Мурат I се одлучил да крене по „левиот пат", зашто тој му изгледал дека е побезбеден: минувал низ дел од територијата на државата на својот вазален владетел Константин Дејанов Македонски)[22] кој, според Мехмед Нешри, му бил „доста верен".[23]

На третиот ден по заминувањето од Ихтиманското Поле Муратовата војска пристигнала на Алаединовото Поле,[24] каде, според Нешри, останала два дена. Тука пристигнал и Константин Дејанов за да се стави на располагање на султанот Мурат I. Откако Константин Дејанов бил поставен од султанот „за командант на претходницата", огромната турска војска преку реката Струма навлегла во Северна Македониај и по неколку денови пат пристигнала во Ќустендил.[25]

Според вестите од Мехмед Нешри, кој е главен извор за движењето на Муратовата војска низ Македониај кон Косово, во Илица (Ќустендил) претходно дошол Константин Дејанов за да го подготви свечениот дочек на султанот. „Неизмерна количина храна и безбројни животни намирници беше подготвил", пишува Нешри. Султанот Мурат I бил дочекан од Константин Дејанов со „сите земски великодостоинственици".[26] Тоа, според некои учени, била „целата Константинова властела",[27] односно „потчинетите Константинови велможи од кнежевството кои дошле во Велбужд (Ќустендил-б.м.) да го поздрават високиот гост".[28]

По свечениот прием во Ќустендил, Мурат I отседнал „во Улу Ова", под кој израз се подразбира Големо Поле.[29] Точно за кое поле станува збор, не е даден потврден одговор во науката. Според Гавро Шкриваниќ, тоа се однесува „веројатно на денешното Славиште во долината на Крива Река".[30] За разлика од него, Александар Стојановски

---

[22]Вид.: Иречек К. История на българите. С поправки и добивки на сами автор. Под редакцията на проф. Петар Хр. Петров. София, 1978, с. 393-402.

[23]Елезовић Г. Огледало света..., с. 48-49.

[24]Исто, с. 49 и бел. 7. Ср.: Шкриванић Г. Косовска битка (15 јуна 1389) с. 50.

[25]Елезовић Г. Огледало света..., с. 49 и бел. 3, 11-12.

[26]Исто, с. 49.

[27]Шкриванић Г. Косовска битка (15 јуна 1389), с. 50.

[28]Иванов Й. Северна Македония, с. 136.

[29]Елезовић Г. Огледало света..., с. 49 и бел. 15; истиот, Бој на Косову 1389 год., с. 16, бел. 3.

[30]Шкриванић Г. Косовска битка (15 јуна 1389), с. 50.

дошол до сознание дека е можно да се претположи „дека ова поле(?) поскоро треба да се идентификува со Кумановското, отколку со Славиште. Можеби е тоа средновековното Жеглигово, кое османските извори никако не го спомнуваат˝.[31]

Најверојатно Нешри го измешал точниот назаив на ова место. Во таа смисла се изјаснил и Јордан Иванов, кога навел дека соопштението од Нешри за престојот на Мурат I „во Улово˝ веројатно е „погрешно˝, зашто се однесува на Осогово низ кое минувал патот за Кратово.[32]

Додека Мурат I престојувал во Улу Ова бил испратен кон градот Скопје Евреноз Газија со 40 војници за да земе „јазик˝, т.е. да фати неколку заробеници од кои би се добиле информации за движењето на противничката војска. Откако тоа било сторено, Мурат I заминал „во местото наречено Кратово˝, каде останал „извесно време˝.[33]

Мехмед Нешри и околу самиот назив на градот Кратово направил извесна збрка во науката, кога овој град го означил со изразот „Кара Донли˝.[34] Во поново време Алексадар Стојановски се обиде да го оспори досега единственото гледиште во науката, дека под изразот „Кара Донли˝ („Кара Тонли˝) се подразбира градот Кратово.[35] Најпрвин тој ги отфрли сомневањата дека Нешри по грешка напишал Кара Тонлу (или Кара Донлу) наместо Кратово, наведувајќи притоа дека подолу во Нешриевата историја градот Кратово е означен како „Кратова˝. Затоа, за овој истражувач постојат „сериозни пречки за идентификување на Кратово со Кара Тонлу˝. Таквото свое гледиште го засновува главно врз два турски извори од XVI век. Првиот изворен податок, кој датира од 1544 г., го насочува изразот Кара Тонлу на планината во околината на Скопје, т.е. на Скопска Црна Гора,[36] а вториот од 1570 г. гласи: „Манастир Кара Тонлу (или Донлу), друго име Богородица, припаѓа на споменатото (село или нахија - А.С.) со мезрата Ново Село и калуѓерите на манастирот Матејче˝.[37] Главно врз база на овој податок, Стојановски доаѓа до заклучок, дека „Кара Тонлу било едно од имињата на манастирот Матејче кој лежи југозападно од градот Куманово, во подножјето на Скопска Црна Гора (Карадаг)˝. Поаѓајќи од таквото свое гледиште тој го тресира и патот по кој се движле султанот Мурат I низ

[31] Стојановиски А. Во кој правец низ Македонија минувал Муратовиот поход на Косово (1389)? Гласник на Институтот за национална историја, XVI/2, Скопје 1972, с. 147-148, бел. 3.

[32] Иванов Й. Северна Македония, с. 136, бел. 2.

[33] Елезовић Г. Огледало света..., с. 50.

[34] Исто, с. 50, бел. 2.

[35] Стојановски А. Во кој правец..., с. 150.

[36] Исто, с. 152-153.

[37] Исто, с. 153-154.

Македонија: „Султанот на патот од Ќустендил за Кара Тонлу (т.е. манастирот Матејче) а не за Кратово, отседнал во Улу Ова, може да се претполага дека ова поле(?) поскоро треба да се идентификува со Кумановското, отколку со Славиште. Можеби е тоа средновековното Жеглигово кое османските извори никако не го споменуваат. Не само поради тоа што Кумановското Поле е навистина поле и навистина големо, туку и затоа што е, поверојатно патролата од 40 души, на чело со Евреноз, дека била упатена на една помала оддалеченост од главнината; во случајов до Скопје би можело да има околу 40 км. Во секој случај, сигурно е дека султанот со својата војска од Ќустендил минувал по познатиот главен пат преку Узем, Кркља, Крива Паланка, Ветуница и Страцин навлегувал во Кумановското Поле, а потоа, преку Дебрешане, Билановце, Умин Дол и Виштица пристигнал во манстирот Матејче".[38]

Презентираните изворни податоци од А. Стојановски не ни даваат за право да го прифатиме неговото гледиште. Пред се цитираните извори со изразот Кара Тонлу не го врзуваат само манастирот Матејче, туку и планината околу Скопје. Од друга страна, Скопска Црна Гора и манасирот Матејче се наоѓаат во непосредна близина на Скопје, кој град го владеел сојузникот на кнезот Лазар, Вук Бранковиќ, па султанот Мурат I не би си допуштил да отседне во овие немирни места, за што соопшува и самиот Мехмед Нешри.[39] Затоа во право е Ј. Иванов кога вели дека Мурат I од Ќустендил заминал преку Осоговијата за Кратово.[40] Во овој период градот Кратово не бил само развиен рударски центар,[41] туку и добро утврден град. Според вестите од Евлија Челебија, Кратово бил планински град со добро утврдена тврдина која, по Косовската битка, ја разурнал Евренос Газија.[42] Во овој рударско-трговски центар во кој своја колонија имале и Дубровчаните,[43] не случајно останал „извесно време" Мурат I. Со своите најблиски соработници во Кратово тој одржал последно советување пред заминувањето на Косово Поле. Во Кратово Мурат I го примил и пратеникот на кнезот Лазар, кој му ја пренел пораката на својот господар: дека тој е готов и го чека да се пресмета.[44]

---

[38] Исто, с. 154-155.

[39] Елезовић Г. Огледало света..., с. 45 сл.; сп.: Шкриванић Г. Косовска битка (15 јуна 1389), с. 39 сл.; Историја српског народа, кн. 2, с. 43.

[40] Иванов Й. Северна Македония, с. 136.

[41] Исто, с. 195.

[42] Исто, с. 197. Ср.: Стојановски А. Кратовската нахија во XVI век. - Гласник на ИНИ, г. XV, бр. 1, Скопје, 1971, с. 61 сл.

[43] Иванов Й Северна Македония, с. 195; Шкриванић Г. Косовска битка, с. 50.

[44] Елезовић Г. Огледало света..., с. 50.

Затоа во право се учените кои се изјасниле дека во Кратово Мурат I се одлучил за нападот и освојувањето на Ново Брдо.[45]

Расположливите изворни податоци не допуштаат да се даде одговор на прашањето: кои од христијанските вазални владетели учествувале на страната на Муратовата војска во битката на Косово Поле. Врз база на скудните и индирекни изворни податоци, Константин Иречек дошол до сознание дека со свои војски во Косовската битка учествувале „христијанскиот вазал Константин Македонски, а можеби дури и самиот крал Марко".[46] Поаѓајќи од вестите на Сеадедин, дека уште за време на престојот на Мурат I во Ќустендил било решено „Константиновата војска како страшлива не може да напаѓа, затоа треба да се одреди и да врши разузнавачка служба за позициите на непријателот", Јордан Иванов исто така заклучил дека „Константин зел учество во Косовската битка. Што се однесува пак до земеното решение за таква стратегија, треба да признаеме вели тој, дека Мурат се посменевал во Константина и не му дозволил да оди заедно со него, бидејќи се плашел од таен договор меѓу Лазар и Константин, кој можел да ги нападне од зад грб Турците".[47] Врз база на расположливите изворни податоци, и Иван Снегаров дошол до заклучок, дека „деспотот Константин Велбуждски и кралот Марко, како вазали на турскиот султан, воделе една и иста политика против кнезот Лазар, којшто се уште ја бранел својата независност".[48] Дека на страната на Мурат I во Косовската битка учествувале 7000 помошни христијански војници заедно со вазалните владетели Констанитн Дејанов, кралот Марко и средешкиот кнез, се изјаснил и Гојко Шкриваниќ.[49] Во последно време и Раде Михаљчиќ го прифатил гледиштето дека во Косовската битка на страната на Турците зеле учество „и некои христијански вазали".[50]

Кои се христијански владетели зеле учество во Косовската битка на странта на Турците и дали меѓу нив биле кралот Марко и неговиот брат Андреаш, како што се наведува во Троношкиот летопис,[51] расположливите изворни податоци не допуштаат со сигурност да се одговори. Секако, Константин Дејанов со своите велможи го придружувал султанот Мурат I, како што се истакнува и во Нешриевата историја. Нему, како верен сојузник, Мурат I дури му го простил годишниот данок, на што посочува Хаџи Калфа.[52]

---

[45]Вид.: Иванов Й. Северна Македония, с. 136; Елезовић Г. Бој на Косову 1389 год., с. 17 сл.; истиот, Огледало света..., с. 50 сл.; Шкриванић Г. Косовска битка, с. 50-51.

[46]Иречек К. История на българите, с. 393.

[47]Иванов Й Северна Македония, с. 136, бел. 1.

[48]Снегаров Ив. История на Охридската архиепископия (От основането й до завладеването на Балканския полуостров от турците). София, 1924, т. I, с. 336, 345.

[49]Шкриванић Г. Косовска битка (15 јуна 1389), с. 45.

[50]Историја српског народа, кн. 2, с. 43.

[51]Вид.: Шкриванић Г. Косовска битка (15 јуна 1389), с. 45.

[52]Вид.: Иванов Й. Северна Македония, с. 136.

Во научната литература се уште се води спор по прашањето околу патот по кој заминал султанот Мурат I од Кратово за Косово.[53] Мехмед Нешри соопштува дека „од Кратово се кренаа па поминувајќи ја клисурата стигнаа на реката Мала Морава, која, откако ја поминаа, се најде за потребно тука да се задржат".[54] Во Троношкиот летопис се истакнува, дека Муратовата војска поминала преку Скопје на патот за Косово.[55] Од Кратово, најверојатно, војската на Мурат I се движела по патот што водел по долината на Крива Река до нејзиното устие во реката Пчиња и оттаму преку денешното село Клечовце и Куманово продолжувал преку гребенот на Скопска Црна Гора и негде јужно од Гнилане ја поминувал денешната Биначка Морава и доведувал до Ново Брдо.[56]

Султанот Мурат I, пред да го напушти Кратово, испратил своја предходница на чело со Евреноз Газија и Паша Јигит.[57] Веднаш потоа Мурат I преку Скопска Црна Гора се упатил кон Косово, избегнувајќи ги притоа Кончулската и Качаничката теснини. По преминот на реката Мала Морава (Биничка), Муратовата војска преку Ново Брдо пристигнала на Косово Поле, каде кнезот Лазар веќе ја имал распоредено својата војска и го „очекувал" доаѓањето на Мурат I.[58]

Во битката на Косово Поле, која се одиграла на Видовден 1389 година и која со право е наречена „битка на народите" - по војските собрани од повеќе земји,[59] покрај големиот број жртви од двете страни, загинале и султанот Мурат I и кнезот Лазар. Според расположливите изворни податоци, Косовската битка не била крунисана со целосна победа на Турците-Османлии.[60] Уште на 16 јуни Муратовиот син Бајазит го напуштил боиштето и заминал за Одрин за да го земе престолот и да го озакони своето царување. Тоа со нагласеност го истакнал и

---

[53]Поопстојно за тоа вид.: Шкриванић Г. Косовска битка (15 јуна 1389), с. 46 сл.; Стојановски А. Во кој правец низ Македонија минувал Муратовиот поход..., с. 147 сл.

[54]Елезовић Г. Огледало света..., с. 53.

[55]Вид.: Шкриванић Г. Косовска битка (15 јуна 1389), с. 51.

[56]Исто, с. 51 сл.

[57]Елезовић Г. Огледало света..., с. 52; истиот, Бој на Косову 1389 год., с. 20 сл.

[58]Елезовић Г. Огледало света..., с. 53-54. Сп.: Шкриванић Г. Косовска битка (15 јуна 1389), с. 47 сл.

[59]Вид.: Иречек К. История на българите, с. 393. Поопстојно за Косовската битка вид.: Rački F. Boj na Kosovu. Uzorci i posljedice. - Rad JAZU. Zagreb, 1889, XCVII, с. 1-68; Мишковић Ј. Косовска битка 15 јуна 1389. Београд, 1890; Радојчић Н. Грчки извори за Косовску битку. - ГСНД, VII-VIII (1933), с. 163-175; Олесницки А. Турски извори о Косовском боју. - ГСНД, XIV (1934), с. 59-95; Елезовић Г. Бој на Косову 1389 год., с. 1-77; Динић М. Два савременика о Боју на Косову. - Глас СКА,С XXXII (1940), с. 133-143; Шкриванић Г. Косовска битка (15 јуна 1389), с. 3-96; Томац П. Косовска битка. - Војно-историски гласник, 1 (1950), с. 111-133; Новаковић Ст. Срби и Турци XIV и XV века. Београд, 1960, с. 433-470; Mihaljčić R. Lazar Hrebeljanović. Istorija. Kult. Predanje. Beograd, 1984.

[60]См.: Шкриванић Г. Косовска битка (15 јуна 1389), с. 86 сл.; Историја српског народа, кн. 2, с. 43-46.

Константин Филозоф: „А оној лав, наречен уште на нивниот јазик „грмотевица", некако набрзина се враќа на Исток за да седне на татковиот си престол и да го затврди царството си насекаде".[61] Според вестите од Мехмед Нешри, Бајазит бил прогласен за нов турски султан по 73 дена од смртта на Мурат I, т.е. на 27 август 1389 година.[62]

Последиците од Косовската битка брзо ги почувствувале повеќето балкански народи. Само што го зел престолот, Бајазит I (1389-1402) презел акции за наложување и затврдување на својата власт на Балканот. Притоа биле засегнати и некои од вазалните држави на Османската империја. Според вестите од Нешриевата историја, Бајазит I најпрвин испратил свои војски за потчинување на „Лазаровата земја" при што поголемиот дел бил ставен под негова врховна власт. Со тоа во 1390 година Моравска Србија исто така била претворена во вазална држава на Османската империја.[63]

*

Непосредно по Косовската битка и територијата на Македонија била изложена на постојани турски напади и завладувања. Притоа не биле поштедени ниту владенијата на вазалните владетели. Само неколку месеци по Косовската битка биле заземени од Османлиите Кратово и неговите рудници и ставени под директна турска власт.[64] Тогаш била разурната од Евренос бег и Кратовската тврдина, за што соопштува Евлија Челебија.[65] Евренос бег во пролетта 1390 година, според вестите од турските хроники, го освоил и градот Воден.[66] Истата година бил заземен и Китрос, кој лежел во западниот брег на Солунскиот Залив.[67] Кон самиот крај на 1391 или почетокот на 1392 година, Паша Јигит-бег по долготрајни борби го освоил и Скопје.[68] Со тоа на Турците-Османлии

---

[61] Ангелов Б., Генов М. Стара българска литература (IX-XVIII в.), с. 539.

[62] Елезовић Г. Огледало света..., с. 76, бел. 2.

[63] Исто, с. 76-81. Сп.: Иречек К. История на българите, с. 393 сл.; Шкриванић Г. Косовска битка (15 јуна 1389), с. 87 сл.; Красавина С. К. Некоторые вопросы балканской истории в сочинении византийского историка XV века Дуки. - Во кн.: Источниковедание балканского средневековья. Калинин, 1988, с. 27-28.

[64] Елезовић Г. Огледало света..., с. 76.

[65] Вид.: Иванов Й Северна Македония, с. 197.

[66] Стојановски А. Градовите на Македонија..., с. 17.

[67] Исто, с. 17-18.

[68] Тихомиров М. Н. Южнословянские и молдаво-валашкие записи на рукописях государственного исторического музея (Хлудовское и уваровские собрания). - Во кн.: Тихомиров М. Н. Исторические связи России со словянскими странами и Византией. Москва 1969, с. 287. Сп.: Иречек К. История на българите, с. 395, бел. 23; Елезовић Г. Бој на Косову 1389 год., с. 21 и сл.; Бојаниќ-Лукач Д. Како Турците го презеле Скопје (1391). - Зборник на Музејот на град Скопје, II-III. Скопје 1965/66, с. 5-7; Историја српског народа, 2, с. 51; Стојановски А. Градовите на Македонија..., с. 18; Историја Црне Горе, 2, с. 57.

им бил отворен патот за продор во Западна Македониај и кон Босна.[69] Во 1393 година Османлиите го освоиле и јужномакедонското градче Серфиџе, со што си отвориле пат за продор во Тесалија и Грција.[70] На тој начин, Бајазит I, уште во првите години на своето владеење, ја ставил под директна или индиректна власт целата територија на Македонија.

Од средината на 90-те години на XIV век Бајазит I се повеќе почнал да се меша и во внатрешните работи на вазалните држави во Македонија. Во зимата 1393/94 година, по наредба на султанот Бајазит I, биле собрани во Серез христијанските вазални владетели со цел да бидат ликвидирани. Но до тоа не дошло. Бајазит I само се задоволил со поминувањето под негова власт на градовите во Мореја.[71] По средбата во Серез сепак дошло до извесни конфронтирања меѓу Бајазит I и некои од христијанските вазални владетели, за што соопштува и Лаоник Халкондил.[72]

Македонските феудални валдетели Константин Дејанов и кралот Марко му останале верни на султанот Бајазит I.[73] Уште по Косовската битка, кралот Марко бил принуден да учествува во походите на Бајазит I против непотчинетите турски емиратства во Мала Азија.[74] Подоцна, заради неговата приврзаност кон султанот Бајазит I, дошол дури во судир со своите браќа Андреаш и Димитрија. Во 1393 година Андреаш, кој ја управувал самостојно областа по р. Треска во близина на Скопје и дури и ковал свои пари, заедно со Димитрија ја напуштиле Македонија и преку Дубровник (каде татко им им оставил во наследство сребро) заминале во Унгарија и се ставиле во служба на кралот Жигмунд.[75] Кралот Марко, пак, заедно со Константин Дејанов му останале верни вазали на Бајазит I се до крајот на нивниот живот. Секако тоа го сториле под принуда, со цел да ги сочуваат своите феудални држави. Во прилог на тоа говори и изјавата на кралот Марко дадена пред Константин Дејанов непосредно пред нивното загинување

---

[69]Историја Црне Горе, 2, с. 57 сл.; Стојановски А, Гредовите на Македонија..., с. 18; Историја српског народа, 2, с. 51.

[70]История Византии, 3, с. 168-169; Ферјанчиђ Б. Тесалија у XIII и XIV веку. Београд 1974, с. 280-281.

[71]Снегаров Ив. История на Охридската архиепископия, I, с. 345-346; Ћирковиђ С. Поклад краља Вукашина. - Зборник Фрилозофског факултета, XIV-I. Споменица Фрање Баришиђа. Београд 1969, с. 509; Ферјанчиђ Б. Византија и Јужни Словени. Београд 1966, с. 109; Историја српског народа, 2, с. 53.

[72]Иванов Й. Северна Македония. с. 137; Leonertz R. Pour l'histoire du Peloponnese au XIV·; siecle (1383-1404). - Etudes byzantines, I (1943), p. 172 sq.; Ћирковиђ С. Поклад краља Вукашина, с. 160, бел. 28.

[73]Иванов Й. Северна Македония, с. 137-138.

[74]Наумов Е. П. Јужнословенскиот епос и проблемите на српското средновековие, с. 140-141.

[75]Ћирсковиђ С. Поклад краља Вукашина, с. 154 и сл.; Историја српског народа, 2, с. 53 и сл.

во битката на Ровине 1395 година, што ја пренел Константин Филозоф: „Јас велам и го молам бога да им помогне на христијаните, а јас нека бидам меѓу првите мртви во оваа војна". [76]

По убиството на Константин Дејанов и кралот Марко, биле ликвидирани од Бајазит I нивните државни творби[77] и насекаде во Македонија било воспоставено осмалиското господство.

Branko Panov


## Summary

## THE REFLECTION OF THE KOSOVO BATTLE IN MACEDONIA

The Kosovo battle which took place in 1389 with a right is called „a battle of nations" - according to the army gathered from many countries. The battle had a strong reflection not only in Serbia but also in the neighbouring Balkan states. It also had a reflection in Macedonia.

Soon after the Kosovo battle the Turks-Ottomans established a total authority in the town of Kratovo which was a big mining centre. The Turks conquered Voden in 1390 and Skopje in 1392. Soon, the Sultan Bayezid began to interfere in the interior matters of the Macedonian vassal states. Feeling hopeless King Marko's brothers, Andreash and Dimitria, had left Macedonia in 1393, through Dubvornik went for Hungary and took themselves in service of King Zhigmund. After 1371 King Marko was at the head of the Prilep Macedonian kingdom and in the middle of the 1380s he became a vassal of Sultan Murad I together with Konstantin Deanov whose state extended in North Macedonia. They were forced to be Turkish vassals untill the end of their lives participating in a lot of battles waged by the Ottomans. As Turkish vassals they were killed in the battle at Rovine in 1395. Soon afterwards the Turks-Ottomans liquidated their states and established the Ottoman authority all over Macedonia.


[76] Константин Филозоф. Живот деспота Стефана Лазаревића. Старе српске биографије XV и XVII века. Превод Л. Мирковића. Београд 1936, с. 67-68; Иванов Й. Северна Македония, с. 138, бел. 2-5; Снегаров Ив. Охридската архиепископия I, с. 346; Иречек К. История на българите, с. 402-403; Наумов Е. П. Јужнословенскиот епос и пробелмите на српското средновековие, с. 128.

[77] Документы о борьбе македонского народа за смаосоятельность и национальное государство, т. I, изд. Университет имени „Кирилла и Мефодия". Скопье 1985, с. 140-141. Сп.: Наумов Е. П. Јужнословенскиот епос и проблемите на српското средновековие, с. 111; Панов Б. Средновековна Македонија, т. 3. Скопје 1985, с. 546-547, 807-809.